**842.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Се прогласува Законот за стандардизација, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 јули 2002 година.

Бр. 07-2745/1
4 јули 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат целите и принципите на македонската национална стандардизација, статусот на Институтот за стандардизација на Република Македонија, како и неговите задачи, зачленувањето и неговото финансирање, подготовката, усвојувањето и објавувањето на македонските национални стандарди и нивната примена.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) стандардизација е активност чија цел е воспоставување на правила за општа или повторлива употреба заради постигнување оптимален степен на уреденост во одредено подрачје;

2) меѓународна стандардизација е активност во областа на стандардизацијата во која се вклучени соодветните тела за стандардизација од државите членки на меѓународната заедница;

3) европска стандардизација е активност во областа на стандардизацијата во која се вклучени соодветните тела за стандардизација од.европските држави;

4) национална стандар,дизација е активност во областа на стандардизацијаЊ која се спроведува на ниво на поединечна држава;

5) тело за стандардизација е тело признато на национално, европско и меѓународно ниво чија основна дејност е подготвување, усвојување и објавување на стандарди;

6) национално тело за стандардизација е тело за стандардизација признато на национално ниво;

7) меѓународна организација за стандардизација е организација за стандардизација во која можат да се зачленат соодветните национални тела за стандардизација од секоја држава членка на меѓународната заедница, и тоа:

- ISO е Меѓународна организација за стандардизација,
- IEC е Меѓународна електротехничка комисија,
- ITU е Меѓународна телекомуникашска унија.

8) европска организација за стандардизација е организаиија за стандардизација во која можат да се зачленат соодветните национални тела за стандардизација од Секоја европска држава, и тоа:

- CEN е Европски комитет за стандардизација, CENELEC е Европски комитет за електротехничка стандардизација,
- ETSI е Европски телекомуннкационен институт за стандардизација;

9) стандард е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на признато тело, со кој, заради заедничка и повторлива употреба, се обезбедуваат правила, упатства и карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување најповолен степен на уреденост во определено подрачје;

10) меѓународен стандард е стандард кој е усвоен од меѓународна организација за стандардизација и достапен најавноста;

11) европски стандард е стандард кој е усвоен од европска организација за стандардизација и достапен најавноста и

12) национален стандард е стандард кој е усвоен од национално тело за стандардизација и достапен најавиоста.

Член 3

Македонската национална стандардизација е дејност одјавен интерес.

### II. ЦЕЛИ И ПРИНЦИПИ

Член 4

Основните цели на македонската национална стандардизација се состојат во унапредување на:

- квалитетот на производите, постапките и услугите преку дефинирање на нивните карактеристики кои ја определуваат нивната способност да задоволат определени барања;
- квалитетот на животот и здравјето на луѓето, безбедноста на имотот и заштита на животната средина и природата;
- економичноста и рационалноста во користење на човечка работна сила, материјали и енергија во процесот на производството и размената на стоки;
- индустриската ефикасност по пат на смалување и усогласување на разновидноста на одделни производи, процеси и услуги, како и можноста за замена на еден производ, процес или услуга со друг, при што ќе бидат исполнети истите барања и
- меѓународната трговија со стоки и услуги со отстранување на пречките во трговијата.

Член 5

Македонската национална стандардизација се заснова на следниве принципи:

- доброволна примена на македонските стандарди;
- право на учество на сите заинтересирани страни во подготовката на македонските стандарди, заштита од доминацијата на поединечните над заедничките интереси во постапката за подготвување на македонските стандарди;
- консензус од заинтересираните страни во поглед на содржината на македонските стандарди;
- транспарентност на постапката за подготвување на македонските стандарди;
- задолжително објавување на усвојувањето на македонските стандарди и
- усогласување со научниот и техничкиот степен на развој и искуства, како и усогласување со правилата на меѓународната и европската стандардизација.

### III. ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Член 6

За вршење на работите и задачите од областа на стандардизапијата утврдени со овој и со друг закон, Владата на Република Македонија основа Институт за стандардизација на Република Македонија (во натамошниот текст: Институт) како посебнајавна установа.

На Институтот се применуваат одредбите од законот кој се однесува на установите, ако со овој закон поинаку не е уредено.

Институтот има својство на правно лице.

Член 7

Институтот ги врши особено следниве работи и задачи:

1) подготвување и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациони-документи кои ја сочинуваат македонската национална стандардизација;

2) водење регистар на македонските стандарди;

3) претставување на интересите на македонската национална стандардизација во меѓународните, европските и регионалните организации, како и организациите за стандардизација во други земји;

4) прибирање на меѓународни, европски стандарди и стандардизациони документи, воспоставување и одржување на нивна база на податоци, како и стандарди и стандардизациони документи на други национални стандардизации;

5) обезбедување на информации за заинтересираните страни од базата на податоци;

6) издавање гласило во кое се содржани инфармации за започнувањето и текот на постапката за подготвување и усвојување на стандарди и стандардизациони документи на македонската национална стандардизација, како и информации за меѓународните и европските стандарди и стандардизациони документи;

7) издавање и продажба на стандарди и други стандардизациони документи на македонската национална стандардизација, како и продажба на меѓународни, европски и други стандарди и стандардизациони документи;

8) промовирање на примената на македонските стандарди;

9) учество во работата на меѓународни и регионални тела за стандардизација;

10) продажба на стандарди и стандардизациони документи врз основа на договори и членства во меѓународни, регионални организации и други странски тела за стандардизација;

11) се грижи за извршување на обврските од областа на стандардизацијата кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори кои ги склучила Република Македонија и

12) врши и други работи и задачи во врска со спроведувањето на овој и други закони.

При вршењето на работите и задачите институтот има право да ги користи грбот на Република Македонија на своите документи и на својот печат.

Работите кои ги врши Институтот немаат за цел остварување на добивка.

Член 8

Во рамките на Институтот постои и Информативно контактно тело кое има задача да дава информации на прашањата во врска со:

- предложените и/или усвоените национални технички прописи или стандарди;

- органите надлежни за донесување на технички прописи;

- предложените и/или усвоените процедури за оцена на сообразност;

- членството и учеството во работата на меѓународните и регионалните стандардизациони тела и системи за оцена на сообразноста и испораката на копии од документите кои се бараат од заинтересираните странки; согласно со Договорот за техничките бариери во трговијата на Светската трговска организација.

Член 9

За потребите за подготвување на прописи со кои се уредуваат технички барања за производите, со цел да се осигура безбедноста на имотот и заштита на животот и здравјето на луѓето и животната средина и природата, Институтот подготвува, усвојува и објавува соодветни стандарди на барање на Владата на Република Македонија.

Член 10

Актот за основање на Иистититат содржи одредби за:

- седиштето и дејноста на Институтот;

- средствата кои Владата на Република Македонија ги обезбедува за основање и работа на Институтот;

- изворите, начинот и условите за стекнување на средства за работење на Институтот и начинот на располагањето со средствата;

- органите на Институтот;

- правата и обврските на основачот во поглед на вршењето на дејноста заради која е основан Институтот, како и меѓусебните односи меѓу основачот и Институтот;

- правата и обврските на Институтот во правниот промет;

- рокот за донесување на статутот и

- други одредби во согласност со закон.

Заради извршување на подготовките за започнување со работа на Институтот, Владата на Република Македонија, во актот за основање назначува вршител на должноста директор.

Член 11

Институтот има Статут кој го донесува Собранието на Институтот со кој се уредува името, седиштето и неговата организација, органите и нивните надлежности и одговорности, правата и обврските на члековите на Институтот, и други прашања во врска со остварувањето на дејноста заради која е основан Институтот во согласност со овој и друг закон и актот за основање.

Согласност на Статутот дава министерот за економија.

Член 12

Органи на Институтот се:

Собрание;

- Совет;

- Директор и

- Одбор за контрола на материјално-финансиското работење.

Член 13

Собранието го сочинуваат членовите на Институтот.

Со Собранието претседава претседател.

Претседателот го избира Собранието.

Член 14

Орган кој управува со работата на Институтот е Советот на Институтот.

Претседателот и членовите на Советот на Институтот ги именува и разрешува Со5ранието на Институтот од редот на истакнати стручни и компетентни лица од областа на стандардизацијата за период од четири години.

Член 15

Со Институтот раководи директор.

Директорот на Институтот ја организира и раководи со работата на Институтот, го претставува и застапува Институтот спрема трети лица и е одговорен за законитоста во работењето на Институтот.

Директорот на Институтот го именува и разрешува Советот.

На одлуката за именување и разрешување на директорот согласност дава Владата на Република Македонија.

Директорот на Институтот се именува за време од четири години и по истекот на мандатот може повторно да биде избран.

Член 16

За вршење на материјално-финансиската контрола во Институтот се формира Одбор за материјално-финансиското работење.

Членовите на Одборот од ставот 1 на овој член ги именува Владата на Република Македонија.

Член 17

За вршење на стручни работи Советот формира технички комитети.

## IV. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ИНСТИТУТОТ

Член 18

Секое правно и физичко лице може да стане член на Институтот заради остварување на своите интереси во врска со македонската национална стандардизација.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ

Член 19

Средствата за работа на Институтот се обезбедуваатод:

- Буџетот на Република Македонија;
- членарината што ја плаќаат членовите;
- продажбата на македонски стандарди и стандардизациони документи и гласило на Институтот;
- продажбата на меѓународни стандарди и стандардизациони документи и информации врз основа договори и членства во меѓународни организации;
- услуги, обука, семинари и друго и
- авторски права, подароци, донации од земјата и странство и други извори во согласност со закон.

Член 20

Средствата од Буџетот на Република Македонија се обезбедуваат за извршување на работите и задачите од членовите 7 и 8 на овој закон.

Висината на средствата од ставот 1 на овој член се определува според обемот на работите и задачите, во согласност со Годишна.та програма за работа на Институтот.

За извршување на работите од Програмата од став 2 на овој член Институтот ја известува Владата на Република Македонија најмалку еднаш годишно.

Член 21

Средствата за плаќање на членарините и за претставување на Институтот во меѓународните и европските организации за стандардизација се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## VI. МАКЕДОНСКИ СТАНДАРДИ

Член 22

Македонските стандарди се означуваат со ознаката МКС. Овој знак се заштитува во согласност со прописите за заштита на индустриска сопственост.

Македонските стандарди можат да бидат подготвени врз основа на национален, европски или меѓународен стандард или друг стандардизационен документ.

Македонскиот стандард може да биде објавен покрај на македонски и на странски јазик.

Преземањето на странски стандарди во национални стандарди може да се направи со превод на македонски јазик во целост или само на насловната страница, или со преземање на странскиот стандард во целост на странски јазик.

Член 23

Македонскиот стандард се издава како посебна публикација и авторските права за него му припаѓаат на Институтот, согласно со Законот за авторските и други сродни права.

Се забранува, без согласност на Институтот, делумно или целосно умножување или дистрибуирање на македонскиот стандард.

## VII. ПРИМЕНА НА МАКЕДОНСКИТЕ СТАНДАРДИ

Член 24

Примената на македонските стандарди е доброволна.

Сообразноста на производот, постапката или услугата со македонските стандарди може да биде докажана со декларација за сообразност, сертификат за сообразност или со знак за сообразност.

За декларацијата, сертификатот или знакот од ставот 2 на овој член одговара лицето кое ги издало.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Владата на Република Македонија во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе актот за основање на Институтот и ќе именува вршител на догсжноста директор.

Член 26

Заради непречено извршување на работите и задачите на македонската национална стандардизација, Владата на Република Македокија ќе обезбеди простории за работа на Институтот и ќе му ги предаде на трајно користење соодветните материјални средства, опремата и архивата од Службата за стандардизација и метрологија кои се однесуваат на рзботите на стандардизацијата.

Вработените од Службата за стандардизација и метрологија кои вршат работи и задачи од областа на стандардизацијата, ќе продолжат да ги вршат овие работи и задачи во Институтот.

Член 27

Примената на стандардите што се во употреба до влетуван ето во сила на овој закон е доброволна.

Стандардите донесени или кои се применуваат врз основа на Законот за стандардизација ("Службен весник на Републиќа Македонија" број 23/95), ќе се применуваат до донесувањето на стандардите врз основа на овој закон.

Член 28

До конституирањето на Институтот, Службата за стандардизација и метрологија ќе ги врши работите од областа на стандардизацијата.

Член 29

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за стандардизација ("Службен весник на Република Македонија", број 23/95).

Член 30

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Ргпублика Македонија".